# LEARNING THROUGH WORK IN THE FUNCTIONS OF CONNECTION OF VOCATIONAL EDUCATION WITH THE WORLD OF LABOUR

**Laste Spasovski, Ph.D**
Vocational education and training centre – Skopje, Republic of Macedonia spalaste@yahoo.com

**Abstract:** The current development trends of countries with market economies have shown that education and the creation of human resources are located at the very top of global national strategies and policies of social, economic and technological development. Simultaneously, politic of education is not only treated as a policy of creating human capital, but also as part of the overall development policy of society. What makes this policy very specific is its long-term strategic character. Conceptual mistakes in education policy resulted in delayed and severe consequences that are first visible on labor market in the form of mismatch between supply and demand for certain professions and qualifications, and finally to manifest as a general lag in the economy.

Vocational education and training which is based on open, firm and definite integration market economy, fits the development of flexible and competitive labor market. But first It must precede and appropriate changes to the educational development and harmonization of the overall education system of those needs. Following the changes in the overall economic environment, the needs of the economy and the course of development of new technology, changes in the development of education should be adapted to the new challenges that will bring prosperity and at the same time they require appropriate education and trained individuals and educated nation as a whole.

At the time we live in, having a highly qualified workforce is not a matter of choice, it is an economic necessity that allows dealing with the unemployed, encouraging people to fight for a better life and increased labor mobility within the country and outside from her. In this context, it is particularly important in the process of learning to encourage the development of practical, cognitive and social skills, and self-reliance and responsibility. Learning through work as part of vocational education, based on partnerships between educational institutions and businesses, contributes to raising the quality of vocational education and its greater flexibility. Because of this, between the labor market and education should be an unbreakable bond and mutual connection to achieve adequate results. Labor market and vocational education and training must always to have the whole, truthful, complete and proven information that mainly would help in the process of professional development of individual and institutional future planning in the field of education and labor market.

**Keywords:** work based learning, vocational education and training, labor market.

# УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РБОТА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОВРЗУВАЊЕ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ СО СВЕТОТ НА ТРУДОТ

**Проф. д-р Ласте Спасовски**
Центар за стручно образование и обука – Скопје, Република Македонија spalaste@yahoo.com

**Резиме:** Актуелните тенденции на развој на земјите со пазарно стопанство покажаа дека образованието и создавањето на човечките ресурси се наоѓаат на самиот врв на глобалните национални стратегии и политики на социјалниот, економскиот и технолошкиот развој. Истовремено, политиката на образованието не се третира само како политика на креирање на човечкиот капитал, туку и како дел од вкупната развојна политика на општеството. Она што оваа политика ја прави доста специфична е нејзиниот долгорочен стратешки карактер. Концепциските грешки во образовната политика резултираат со одложени и тешки последици коишто најпрвин се видливи на пазарот на трудот во вид на неусогласеност помеѓу понудата и побарувачката за одделни занимања иквалификации, за на крај да се манифестираат со општо заостанување во стопанството.

На стручното образование и обука кое се заснова на отворено, цврсто и интеграциски определено пазарно стопанство, му одговара развој на флексибилен и конкурентен пазар на трудот. На тоа мора да му претходат и соодветни промени на развој на образованието и усогласување на вкупниот образовен систем на тие потреби. Следејќи ги промените во вкупното економско окружување, потребите на стопанството и текот на развојот на новите технологии, промените на развојот на образованието треба да се прилагодат на новите

предизвици кои носат просперитет, а во исто време бараат и соодветно образование и оспособени поединци и образована нација во целина.
Во времето во кое живееме, поседувањето на висококвалификувана работна сила не е прашање на избор, тоа е економска нужност која овозможува справување со невработенота, поттикнување на луѓето да се борат за подобар живот и зголемување на мобилноста на работната сила како во земјата, така и надвор од неа. Во тој контекст, особено е важно во процесот на учењето да се поттикнува развојот на практичните, когнитивните и социјалните вештини, како и самостојноста и одговорноста. Учењето преку работа како составен дел на стручното образование, воспоставено на партнерски односи помеѓу образовните институции и стопанството, придонесува за подигање на квалитетот на стручното образование и за негова поголема флексибилност. Затоа помеѓу пазарот на трудот и образованието треба да постои нераскинлива врска и меѓусебна интеракција за да се постигнат соодветни резултати. Пазарот на трудот и стручното образование и обука треба секогаш да располагаат со интегрални, вистинити, целосни и докажани информации кои главно би помогнале во професионалниот развој на индивидуата и во идните институционални планирања од доменот на образованието и пазарот на трудот.
**Клучни зборови:** учење преку работа, стручно образование и обука, пазар на труд

Примарна функција на стручното образование е да подготвува кадри за вработување во сите сфери на трудот, но и за продолжување на образованието. За да ја оствари својата примарна функција, стручното образование мора континуирано да биде поврзано со сите случувања и промени на пазарот на трудот. Сите земји во своите стратешки документи за развој на стручното образование, даваат препораки за прилагодување на стручното образование кон потребите на локалните развојни планови, за подигање на квалитетот на практичната настава на учениците и за зголемување на обемот практичната обука. Важноста на поврзувањето на стручното образование со пазарот на трудот произлегува и од Торино процесот 2014[1] „Квалитетот во образованието и обуката треба да го диктираат играчите на пазарот на трудот, потребите на општеството и потребата за меѓународна споредбеност и мобилност на учениците. Притоа, треба да се стимулираат и надворешните фактори, како што е усогласувањето со Европските политики и практики". Во делот на „Унапредување на релевантноста на стручното образование и обука за пазарот на трудот" е нагласена важноста на реформите што се реализираа во последните десет години, а беа со цел да се унапреди ефективноста на стручното образование, особено преку подобрување на усогласеноста на образовните програми со побарувачката за вештини на пазарот на трудот.
Согласно Рига процесот - состанокот на министрите одговорни за стрчното образование и обука, како надоврзување на Копенхагенскиот процес и Бриж коминикето, донесени се заклучоци како приоритети кои треба да се испорачаат на среднорочен рок (2015-2020). Дел од заклучоците од Рига процсот се однесуваат токму на промовирање на учење преку работа во сите негови форми, вклучување на социјалните партнери, компании, комори и давателите (провајдери) на стручното образование и обука, поттикнување на иновации и претприемништво, зајакнување на клучните компетенции во наставните програми (курикулумот) за стручно образование и професионален развој на наставниците, обучувачите и менторите во стручното образование и обука.
Учењето преку работа претставува образовна стратегија која им нуди на учениците стекнување работно искуство од реалниот живот. Учењето преку работа на учениците им дава можност да согледаат како наставата во училница се поврзува со светот на трудот и идните можности за кариера. Учењето базирано на работа им дава можност на учениците да стекнуваат различни вештини преку проширување на рамките на учењето во училница и вклучување во заедницата. Тоа им дава можност на учениците за:

- примена на наученото во реалниот свет;
- воспоставување јасна врска меѓу образованието и работата;
- проценка на нивните интереси, склоности и способности, и можност преку учење да ја истражуваат својата можна кариера;
- подобрување на нивните можности за вработување по завршување на образованието;
- развивање и практикување позитивни работни навики и ставови, вклучувајќи ја и способноста за критичко мислење, решавање проблеми, тимска работа и решавање на прашањата кои се однесуваат на можните кариери;

[1] Торино процес 2014 година, Работна верзија, ETF Working together Learning for life

- проценка и разбирање на очекувањата на работното место;
- проширување и прочистување на нивните технички вештини;
- учество во автентични работни задачи;
- набљудување на професионалното однесување и постапки на работното место;
- зголемување на мотивација за работа и/или продолжување на образованието и сл.

Учењето преку работа се случува во работен амбиент, обично на работното место кај работодавачот. Активностите за учење преку работа мора да бидат координирани со активностите на ниво на училиште, во обид да им се покаже на учениците „зошто“ е потребно тоа што тие го учат. Стратегиите за учење преку работа овозможуваат развивање на свеста за кариера, можности за истражување на кариерата, активности за планирање на кариерата, и им помага на учениците да стекнат позитивни ставови за работата и вештините за вработување.

Учењето преку работа може да трае од неколку часа до неколку стотици часови. Така на пример, набљудување на работата обично трае половина ден или цел ден. Во голема компанија, набљудување на работното место може да трае повеќе од еден ден. Повеќето форми на учење преку работа траат повеќе од 100 часа.

Учењето преку работа може да биде поврзано со конкретна наставна програма со помош на методот на соработка, или може да биде независно од одредени програми. Во кооперативното учење, учењето преку работа е директно поврзано со специфична наставна програма. Ова им овозможува на наставниците да го поврзат она што учениците го учат во училница со она што треба да го научат на работното место. Моделите на набљудување на работното место, менторството и волонтерското учење често не се врзани за одредена наставна програма и се сметаат како независно учење преку работа.

Учењето преку работа може да биде платено или неплатено. Компаниите може да вклучат разни попусти или стипендии.

Стратегиите во стручното образование даваат можност за примена на повеќе видови учење преку работа, како што се:

- практична обука;
- студиска посета на компании;
- кооперативно образование;
- претприемачко искуство;
- сендвич настава;
- училишни компании;
- Училишни виртуелни компании и др.

Соработката помеѓу установите за стручно образование и обука, од една страна, и работодавачите од друга страна, има важна улога во обезбедувањето на квалитетно стручно образование и обука, особено во делот на реализацијата на практичната обука на учениците кај работодавачите. Училиштето треба да обезбедува квалитетно стручно-теоретско и основно практично образование во согласност со наставните програми и материјално-техничката опременост, додека пак работодавачите треба да преземаат сé поголема одговорност учениците во обуката да стекнуваат компетенции преку квалитетна практична обука во работен процес кај работодавачот.

За да може работодавачот да биде верификуван за спроведување на практичната обука на учениците, неопходно е да исполнува одредени услови во однос на просторот, опремата и соодветен кадар, обука на стручен и друг кадар (ментори) од редот на работодавачите и сл.

За надминување на диспаритетот меѓу образовната понуда и образовната побарувачка, во 2008 година, Европската комисија започна со спроведување на иницијативата „Нови вештини за нови работни места“ (New Skills for New Jobs). Целта на оваа иницијатива е да се овозможи промоција на подоброто антиципирање на потребите од вештини во иднината, да се развие подобра усогласеност меѓу вештините и потребите на пазарот на труд, и да се премости јазот меѓу светот на трудот и образованието.[2] Притоа, антиципацијата и усогласувањето на пазарот на труд и потребите од вештини се издигна на ниво на врвен приоритет за Европската Унија. За таа цел, Европската комисија, во идниот период, ќе го поддржува создавањето на секторски совети за вештини на европско ниво во случаи кога иницијативата доаѓа од

[2] European Commission (2010): Agenda for new skills and jobs: EU sets out actions to boost employability and drive reform, Стразбур, 23 ноември 2010 (ЕК 2010: Агенда за нови вештини и работни места: ЕУ започнува активности за зголемување на вработливоста и иницирање реформи)

чинители какви што се социјалните партнери или соодветните опсерватории.[3] Во тој контекст, многу земји од Европската Унија имаат воспоставено канцеларии, совети или опсерватории за антиципација на вештините кои ќе му бидат потребни на пазарот на труд преку здружување на напорите на претставниците на пазарот на труд и давателите на образовни услуги и обука.

Проценатa на развојот на работната сила и вештините треба да ја следи логиката на релевантност за локалниот развој и локалната економија во контекст на економскиот развој на државата. Планирањето на квалификациите и вештините кои ќе се бараат во иднина, пред сé, треба да поаѓа од локалните потреби и развојни планови.

Особено внимание треба да се обрне на практичната обука на учениците во компаниите. Системското решение треба да ја олесни оваа соработка меѓу компаниите и средните стручни училишта. Притоа, треба да се имаат предвид решенијата што земјите во Европа ги спроведуваат на овој план т.е. активно вклучување на локалната самоуправа во процесот, формирање фондови за обука, акредитирање на компании за практична обука на ученици и лиценцирање на вработените/менторите за обука на ученици, и сл.

Работодавачите треба да се поттикнуваат да соработуваат, инвестираат и да учествуваат во активностите на образование и обука, особено во стручното образование. Ваквото партнерство треба да резултира со континуирано развивање и иновирање на квалификациите, примена на мултидисциплинарни наставни програми и квалификации и олеснување на учењето преку работа.[4] За таа цел, мора да се преземат активности кои ќе подразбираат ефикасно спроведување на законодавните, институционалните и финансиски аранжмани во стручното образование, како и поттикнување на компаниите и поединците (преку стимулации), да инвестираат во развојот на вештините, вклучувајќи и признавање и валидација на претходното учење, како и користење на соодветни пристапи кон доживотно кариерно водење и советување.[5]

Што се однесува до механизмите за интервенции во наставните програми, очигледно е дека институциите за поддршка и развој на стручното образование и обука, како институции надлежни за образовните програми, треба да го засилат своето присуство и работа на терен. Тоа подразбира почести контакти со училиштата и вработувачите бидејќи само на терен може да се согледа како функционираат образовните програми и кои и какви сугестии имаат заинтересираните страни.

Континуираното усогласување на стручното образование со пазарот на труд подразбира:

– усогласување на постојните наставни програми во стручното образование со Националната рамка на квалификации;
– подобрување на процесот на подготвување, примена и вклученоста на засегнатите страни на анализата на пазарот на труд и потребните квалификации, знаења и вештини;
– воспоставување системска соработка меѓу агенциите за вработување, институциите за поддршка и развој на стручното образование и институциите од областа на високото образование заради континуирано следење на состојбите за потреби од вештини и споделување на информации за потребите на пазарот на трудот и вработливоста на завршените ученици и нивното понатамошно образование;
– континуирано зајакнување на релевантноста на наставните програми во стручното образование;
– зајакнување на релевантноста и функционалноста на мрежата стручните училишта со оперативни планови за постепено прилагодување кон потребите на локаната економија и локалните развојни планови;
– примена на различни модели на учење преку работа за учениците во стручното образование и сл.

Стручното образование треба да даде понуда која соодветствува со потребите на пазарот на труд. Тоа подразбира:

---

[3] COM(2008) 868, 16.12.2008. Council conclusions of 9.3.2009 and 7.6.2010. 'New Skills for New Jobs: Action Now' Expert Group Report, февруари 2010 („Нови вештини за нови работни места“, Извештај на експертска работна група)

[4] European Commission (2010): Agenda for new skills and jobs: EU sets out actions to boost employability and drive reform, Стразбур, 23 ноември 2010 ЕК 2010: (Агенда за нови вештини и работни места: ЕУ започнува активности за зголемување на вработливоста и иницирање реформи)

[5] Unesco (2012): Transforming Technical and Vocational Education and Training Building skills for work and life, United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization, Париз 2012 (УНЕСКО 2012: Трансформација на ТСОО и обука за врадење вештини за работа и живот)

1. Поседување добри информации за потребите на пазарот на труд
2. Градење механизми за поврзување на понудата со потребите на пазарот на труд
3. Разновидност на придонесите и добри патишта за учење
4. Зајакнување на социјалното партнерство при дизајнирање на системот на стручното образование и обука.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] COM(2008) 868, 16.12.2008. Council conclusions of 9.3.2009 and 7.6.2010. 'New Skills for New Jobs: Action Now' Expert Group Report, февруари 2010 („Нови вештини за нови работни места“, Извештај на експертска работна група)

[2] European Commission (2010): Agenda for new skills and jobs: EU sets out actions to boost employability and drive reform, Стразбур, 23 ноември 2010 (ЕК 2010: Агенда за нови вештини и работни места: ЕУ започнува активности за зголемување на вработливоста и иницирање реформи)

[3] Торино процес 2014 година, Работна верзија, ETF Working together Learning for life

[4] Unesco (2012): Transforming Technical and Vocational Education and Training Building skills for work and life, United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization, Париз 2012 (УНЕСКО 2012: Трансформација на ТСОО и обука за врадење вештини за работа и живот)